Н А Ц Р Т

З А П И С Н И К
од Осумдесет и вторaта седница на Владата на Република Македонија,
одржана на 10 јуни 2025 година

Скопје, јуни 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 10 јуни 2025 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и како и Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, порпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска и м-р Димитар Димовски претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Максим Ацевски, главниот државен ревизор.

Од седницата отсуствуваа, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

-Усвојување на Записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јуни 2025 година и Записникот од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јуни 2025 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Дирекцијата за заштита и спасување (Сметка на основен буџет (637)) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Дирекцијата за заштита и спасување (Сметка на основен буџет (631)

3. Годишен извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2023 година, со Предлог-одлука

4. Информација за потребата од регулирање на e-Call уред како задолжителна опрема во новите моторни возила кои се продаваат во Република Северна Македонија

5. Информација во врска со Барањето за санација на кровот на зградата на Македонска радио телевизија

6. Информација за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

7. Информација за потребата од обезбедување на недвижна ствар - магацински простор за потребите на Државната изборна комисија, со Предлог-одлука

8. Информација во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје

9. Предлог – одлука за давање на согласност за склучување Договор за пренесување на право на градење

10. Предлог – одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип

11. Предлог – одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

12. Информација во врска со Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

13. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 април 2025 до 7 мај 2025 година

14. Информација за усвојување на Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035, со текст на Стратегија и Акциски план

15. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5 Богданци, со Предлог-одлука (39-2809/7 од 4.12.2024 година)

16. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5, Богданци, со Предлог – одлука (39-2809/9 од 5.12.2024 година)

17. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5, Богданци, со Предлог – одлука (39-2808/6 од 4.12.2024 година)

18. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.12.2024 година

19. Предлог - методологија за проценка на влијанието на регулативата

20. Предог – упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата

21. Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2024 година)

22. Предлог – одлука за формата и содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата

23. Предлог – одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.3185 на КП бр.13700, КО Тетово 3)

24. Предлог – одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.57713 на КП бр.13554, КО Прилеп)

25. Предлог – одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (Имотен лист бр. 1179, на КП бр. 5230, за КО Дебар 1)

26. Предлог – одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.1572 на КП бр.1749, за КО Крива Паланка)

27. Предлог – одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.101172, на КП бр.15104, КО Охрид 3)

28. Информација за техничка поддршка за изработка на проектна документација за „Проширување на затворената владина мрежа“

29. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.260/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 35 од дел III од Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.15/24)

30. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.68082, на КП бр.1897 за КО Маџари

31. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 89048, за КО Охрид 3, на КП бр.15547/20, викано место/улица „Партизанска“

32. Понуда од нотар Нита Џафери – Исеини од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103147, КО Тетово 3 на КП бр.13245/1 и Имотен лист бр.103148, КО Тетово 3 на КП бр.13245/1 КО Тетово 3, викано место/улица „ул.Б.Кочоски“

33. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.136652, за КО Охрид 4, на КП бр.4305/2, викано место/улица „Галеш“

34. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „Палмиро Тољати“

35. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4726, за КО Штип - 5, на КП бр.6929, викано место/улица „Град“ и Имотен лист бр.21924, за КО Штип – 5, на КП бр.6929, викано место/улица „29 ти Ноември 8“

36. Кадровски прашања

37. Прашања и предлози

38. Информација за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје за 2024 година, со податоци за завршените активности во текот на годината, како и податоци за висината на личните приходи на органите на управување во Друштвото, со прелиминарен Годишен извештај за работата на М-НАВ, Акционерско друштво Скопје, за 2024 година

39. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, за периодот 1 октомври – 31 декември 2024 година

40. Предлог на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници

41. Предлог на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

42. Предлог на закон за административни службеници, по скратена постапка

43. Предлог на закон за инспекциски надзор, по скратена постапка

44. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (12 Одлука)

45. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и втора одлука)

46. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и трета одлука)

47. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и четврта одлука)

48. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и петта одлука)

49. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и шеста одлука)

50. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и седма одлука)

51. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и осма одлука)

52. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и деветта одлука)

53. Информација за потребата од реконструкција на постојната и изградба на брза железничка пруга долж Коридорот 10

54. Информација во врска со потребата од прибавување на дополнителни докази од Град Скопје за потребите на арбитажната постапка Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v.Republic of North Macedonia (ISCID Case No.ARB/23/35) која се води пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ISCID), со дополнување

55. Информација за потребата од преземање на уделот на содружникот Друштво за приредување игри на среќа Касинос Аустриа интернатионал Македонија ДОО Скопје од страна на содружникот Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија во Друштвото за приредување игри на среќа Државна видео лотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје

56. Предлог - одлука з за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „Страшо Пинџур“ бр.6а, влез 1, стан бр.1, кат 1, ИЛ бр.116968, КО Центар 1 во Скопје) и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба

57. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (КП бр.12952, Имотен лист бр.125538, за КО Центар 1 и КП бр. 12952, Имотен лист бр.125531, за КО Центар 1) и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.12952, Имотен лист бр.125538, за КО Центар 1 и КП бр. 12952, Имотен лист бр.125531, за КО Центар 1)

58. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (КП бр.12952, Имотен лист бр.125539, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125532, КО Центар 1) и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна

цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.12952, Имотен лист бр.125539, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125532, КО Центар 1)

59. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (КП бр.12952, Имотен лист бр.125540, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125533 КО Центар 1) и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.12952, Имотен лист бр.125540, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125533 КО Центар 1)

60. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.Страшо Пинџур бр.6а, влез2, кат 1, стан бр.1, запишан на КП 12952 во ИЛ бр.125541 КО Центар 1 и Гаражно паркинг место во влез 1, бр.17, запишан на КП 12952 во ИЛ. Бр.125534 КО Центар 1)

61. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.Страшо Пинџур бр.6а, влез 2, кат 1, стан бр.2, запишан на КП 12952 во ИЛ бр.125542 КО Центар 1 и Гаражно паркинг место во влез 1, бр.18, запишан на КП 12952 во ИЛ. Бр.125535 КО Центар 1)

62. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „Страшо Пинџур" бр.6а, влез 2, стан бр.3, кат 1, ИЛ бр.125543, КО Центар 1 во Скопје) и Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба

63. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „Страшо Пинџур" бр.6а/2-4, влез 1, ИЛ бр.125544, КО Центар 1 во Скопје) и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба

64. Предлог – лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „Макс Бет" ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Скупи" бр.1Г/1-д.п.1 Скопје-Карпош за уплатно-исплатното место во Подружница 39 Тифани Скопје на ул. „Васил Главинов" бр.14/1 Скопје – Центар

65. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Берово од областа на кардиологијата

66. Извештај за завршени преговори за склучување на Договорот за стратешка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија, со усогласен текст на Договор

67. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за транспорт)

68. Предлог - стратегија за  управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2026 - 2028 (со изгледи до 2030 година)

69. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за образование и наука)

70. Информација за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, кои произлегуваат од Договорот за кредит од Халк банка АД Скопје, со Предлог – одлука

71. Информација за  потребата од рехабилитација во Пониква, на пациентите повредени од пожарот во дискотека "ПУЛС"- Кочани

72. Информација за апликација на Министерството за образование и наука, до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), со цел обезбедување на грант за техничка помош за проектот изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта

73. Информација за одржување на „Европски младински олимписки фестивал 2025" Скопје и Куманово

74. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар балкан АД Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад", Општина Прилеп

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јуни 2025 година и Записникот од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јуни 2025 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Дирекцијата за заштита и спасување (Сметка на основен буџет (637)) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Дирекцијата за заштита и спасување (Сметка на основен буџет (631)), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија:

2. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да ја известува Владата, на квартално ниво, за преземените активности и имплементацијата на препораките од Државниот завод за ревизија.

**Точка 3**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2023 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од регулирање на e-Call уред како задолжителна опрема во новите моторни возила кои се продаваат во Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за економија и труд да формира работна група составена од претставници на Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - Биро за метрологија, со цел изнаоѓање на решение во однос на предметното прашање за регулирање на e-Call уред како задолжителна опрема во новите моторни возила кои се продаваат во Република Северна Македонија и за истото во рок од 30 дена да достави информација до Владата.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за санација на кровот на зградата на Македонска радио телевизија, ја усвои и укажува на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 20 дена да потпишат договор за одржување на објектот, врз основа на кој Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија ќе биде во можност да постапи по Барањето.

Истовремено, Владата укажува на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, во рок од 30 дена да достави информација до Владата за напредокот на претходно наведените активности.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

- Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (објект кој се наоѓа на ул. „Мајка Тереза“ бр.17-Скопје, на КП бр.429, КО Центар 2, Општина Центар) и

- Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (објект кој се наоѓа на ул. „Мајка Тереза“ бр.17 - Скопје, на КП бр.429 и КП бр.441/2, КО Центар 2, Општина Центар).

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на недвижна ствар - магацински простор за потребите на Државната изборна комисија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана да обезбеди на времено користење (во рок од три години), магацински простор број 243, за потребите на Државната изборна комисија, со површина од 400 м2 , во касарната во Ѓорче Петров во Скопје.

**<u>Точка 8</u>**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за склучување Договор за пренесување на право на градење.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје и го усвои новиот текст на Информацијата (усогласен со Секретаријатот за законодавство) со следните заклучоци:

1.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, во рок од три дена, да достават свои номинации до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за формирање на работната група за изготвување на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје.

2.Се задолжува Работната група за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, во рок пет дена од изготвувањето на Иницијативата, истата да ја достават до Управниот одбор на Друштвото.

**Точка 13**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 април 2025 до 7 мај 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035, со текст на Стратегија и Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035, со Акциски план како оперативен стратешки документ.

2. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2025 – 2029 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го следи спроведувањето на Стратегијата и за истото еднаш годишно, најдоцна до 25 декември од тековната година, да ја информира Владата.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги има предвид укажувањата изнесени на седницата на Владата од страна на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5 Богданци, со Предлог-одлука (39-2809/7 од 4.12.2024 година), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5, Богданци, со Предлог – одлука (39-2809/9 од 5.12.2024 година), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5, Богданци, со Предлог – одлука (39-2808/6 од 4.12.2024 година), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.12.2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за правда-Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"-Скопје, Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво

за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО), Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват Акциски план по дадениот Образец, со статус заклучно со 30 јуни 2025 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии, најдоцна до 11 јули 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, до 25 јули 2025 година, врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во Предлог-заклучокот бр.1, да подготви информација и да ја достави до Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи да се формира Работна група во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, која ќе има задача да комуницира со институциите кои се одговорни за овие проекти, односно следење на реализацијата на истите.

**<u>Точка 19</u>**

Владата ја донесе Методологијата за проценка на влијанието на регулативата.

**<u>Точка 20</u>**

Владата го донесе Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2024 година) и го прифати со следниве заклучоци:
1. Се задолжуваат сите министерства, за сите закони кои се утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија во текот на 2024 година, најдоцна во рок од 15 дена да извршат објава на предлог Извештајот за ПВР заедно со предлогот на закон на Единствениот национален електронски регистар на прописи и да извршат промена на статусот на законот од „отворен“ во „затворен“.
2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за здравство и Министерството за спорт, најдоцна во рок од пет дена да ги ажурираат или потврдат номинациите за координатор за ПВР и негов заменик.

**<u>Точка 22</u>**

Владата ја донесе Одлуката за формата и содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата.

**<u>Точка 23</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.3185 на КП бр.13700, КО Тетово 3).

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.57713 на КП бр.13554, КО Прилеп).

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (Имотен лист бр. 1179, на КП бр. 5230, за КО Дебар 1).

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.1572 на КП бр.1749, за КО Крива Паланка).

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги (објект на Имотен лист бр.101172, на КП бр.15104, КО Охрид 3).

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за техничка поддршка за изработка на проектна документација за „Проширување на затворената владина мрежа" и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, да ја достави ВБИФ апликација за грант за техничка помош за „Проширување на затворената владина мрежа" до Министерството за финансии и НИПАК/Министерството за европски прашања, во рок од еден ден.

2.Се задолжува Министерството за финансии, по добивање на WBIF апликацијата за грант за техничка помош за изработка на проектна документација за „Проширување на затворената владина мрежа" во рамки на повикот за техничка помош од ИПА инструментот – Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF), да ја разгледа истата и да подготви писмо за поддршка до Европската комисија и Меѓународната банка за обнова и развој и истото да го проследи до НИПАК/Министерството за европски прашања и Министерството за дигитална трансформација, во рок од еден ден.

3.Се задолжува Министерството за европски прашања, по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии да ја поднесе ВБИФ апликацијата за грант за техничка помош за „Проширување на затворената владина мрежа", во рамки на Триесет и вториот повик за техничка помош до Инвестициската рамка за Западен Балкан, најдоцна до 13 јуни 2025 година.

4.Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за внатрешни работи, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за одбрана,

Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, до Министерството за дигитална трансформација да достават номинации на контакт лица, член и заменик член, за подготовка на студијата за изводливост и проектната документација, во рок од десет дена.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.260/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 35 од дел III од Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.15/24) и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 41, став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), за изработување на урбанистички планови од членот 10 став (1) точка 5 од овој закон и урбанистички проекти, Владата на Република Северна Македонија донесува годишна програма за финансирање, на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.
Планирањето на просторот се врши за одреден плански период, кој служи за пресметување на идните потреби за просторен развој и за предвидување на програмските параметри на просторниот развој во постапката за изработување и спроведување на плановите уредено во член 22 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

Согласно Законот за урбанистичко планирање, донесувачот на годишните програми опфатени со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година, е должен да ги почитува роковите за завршување на постапката за изработување и донесување на урбанистички план пропишани во член 22, став (8) од Законот за урбанистичко планирање која по правило треба да заврши со донесување на планот, најдоцна до 18 месеци од отпочнувањето на постапката за изработување и донесување на урбанистички план со плански период од пет години, најдоцна до 36 месеци од отпочнувањето на постапката за изработување и донесување на урбанистички план со плански период од десет години и најдоцна до 48 месеци од отпочнувањето на постапката за изработување и донесување на генерален урбанистички план за Градот Скопје. Доколку постапката за изработување и донесување на рокот трае подолго од горенаведените рокови се постапува согласно член 22 став (9) од истиот Закон.

Исто така, донесувачот е должен да ги заврши започнатите постапки за донесување на урбанистичките планови, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планска програма до денот на отпочнување на примена на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), кои продолжуваат согласно одредбите на законите според кои се започнати, согласно член 93 од истиот закон.

Во однос на горенаведеното, постапката за изработување и донесување, како и финансирањето на изработката на урбанистичките планови и урбанистичко проектни документации предвидени во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година, со сите тековни и пропратни надоместоци кои произлегуваат од самата постапка не завршува во рок од една годишна програма од членот 41, став (1) од Законот за урбанистичко планирање и истата не се завршува во рамките на една годишна програма за урбанистичко планирање и продолжува согласно

горенаведените рокови до донесувањето на планот, а со цел да се постигне одржлив просторен развој и создавање на веродостојни и одржливи политики на урбанистичкото планирање, како и да се поттикне државниот и локалниот економски и урбан развој.

Треба да се нагласи дека вакви рокови за донесување на урбанистичките планови не беа предвидени во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија", бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија", бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), а Министерството за транспорт веќе има исплатено средства поврзани со делумна реализација на урбанистичките планови опфатени со точка 35 од дел III од Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.15/24), според тоа се смета дека со изоставување на конкретната точка од Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови која што претставува основ да продолжат започнатите постапки и да се донесат урбанистичките планови, би се предизвикале дополнителни фискални импликации по буџетот на Министерството за транспорт, но и буџетите на единиците на локална самоуправа. Потрошените средства би биле без резултат, а единиците на локална самоуправа би биле принудени да отпочнат нови постапки финансирани преку општинските буџети.
Горенаведеното во ваков случај не би било во насока на поттикнување и забрзување на процесот на уредување на просторот, што впрочем е целта на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година, а во согласност со член 41 став (3) од Законот за урбанистичко планирање.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на точка 35 од дел III од Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.15/24), како беспредметна, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оваа точка од Програмата.

## Точка 30

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.68082, на КП бр.1897 за КО Маџари и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 31

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 89048, за КО Охрид 3, на КП бр.15547/20, викано место/улица „Партизанска"и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нита Џафери – Исеини од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103147, КО Тетово 3 на КП бр.13245/1 и Имотен лист бр.103148, КО Тетово 3 на КП бр.13245/1 КО Тетово 3, викано место/улица „ул.Б.Кочоски" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.136652, за КО Охрид 4, на КП бр.4305/2, викано место/улица „Галеш" и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт, како и негативното Мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „Палмиро Тољати" и по Понудата ги усвои негативните мислења од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4726, за КО Штип - 5, на КП бр.6929, викано место/улица „Град" и Имотен лист бр.21924, за КО Штип – 5, на КП бр.6929, викано место/улица „29 ти Ноември 8" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 36**

1. Владата даде согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, бр.02-2289/1 од 2.6.2025 година, со која за директор на Фондот се именува Никола Мемов.

2. Владата ја разреши од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола:

од редот на стручните работници во Установата
- Биљана Анастасова, на нејзино барање поради судир на интереси.

2.1. Владата ги именува за членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола:

од редот на стручните работници во Установата

- Јулија Ивановиќ;

од редот на корисниците предложен од Советот на корисници
- Игор Брајановски.

3. Владата го разреши Филип Петровски од должноста заменик член на Комисијата за жалби (Централен регистар на Република Северна Македонија), на негово барање.

4. Владата го именува Сабри Алити за вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Мустафа Даути за вршител на должноста заменик-директор на Царинска управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Евзаљ Елмази за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

7. Владата го разреши д-р Арбен Таравари од должноста член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

7.1. Владата го именува д-р Азир Алиу, министер за здравство за член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

8. Владата го разреши д-р Арбен Таравари од должноста член на Комисијата за именување.

8.1. Владата го именува д-р Азир Алиу, министер за здравство за член на Комисијата за именување.

9. Владата го донесе Решението за разрешување и именување на претседател, заменик претседател, членови и заменици членови на Посебната комисија за утврдување условот – владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија.

<u>Точка 37</u>

**1.**Владата ја разгледа Информацијата од Работната група за меѓуинституционална соработка во делот на справување со појавите на вандалско однесување и оштетување на урбаната опрема, јавните површини и јавните добра од страна на малолетници, формирана по задолжение од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2025 година, како материјал за информирање.

**2.**Владата по повод Информацијата за склучување на спогодба за плаќање на рати и ослободување од камата по правосилната и извршна Пресуда на Основниот граѓански суд Скопје 52 ТС.бр.61/22 од 26.5.2023 година, во судскиот спор по тужба на тужителот Цементарница Усје АД Скопје против тужените Република Северна Македонија и Република Северна Македонија-Министерство за финансии, заклучи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да организира координативен состанок на кој да присуствуваат м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република

Северна Македонија и министер за транспорт и претставници од Цементарница Усје АД Скопје, со цел склучување на спогодба за плаќање на долгот на рати.

**3**.Владата ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело за спроведување и следење на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти.

**4**.Владата, на предлог на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а имајќи предвид дека претстои период кога постои зголемена опасност од шумски пожари или од работи кои се изведуваат во шума, го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по барање на субјектите кои стопанисуваат со шумите, како и субјектите кои управуваат со шумите во заштитените подрачја-националите паркови, да даде согласност за воведување целосна забрана за движење во шумите и на шумското земјиште, во период од 1 јули 2025 до 31 август 2025 година, согласност член 57, став 3 од Законот за шумите.

**5.**Владата го разгледа Табеларниот преглед со податоци за секој проект поединечно од Потпрограма АА, со пресек до 31 мај 2025 година, како материјал за информирање.

**6.**Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучокот бр. 1 од Точка 90: „Информација за апликација на Министерството за образование и наука до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), со цел обезбедување на инвестициски грант и грант за техничка помош за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“ од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2025 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„1. Се задолжува Министерството за образование и наука, веднаш, да подготви и достави ВБИФ апликација за обезбедување на инвестициски грант и грант за техничка помош во висина од 17,4 милиони евра за Проектот за енергетска ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија до Министерството за финансии и Министерството за европски прашања.“.

## Точка 39

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, за периодот 1 октомври – 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници кој се донесува по редовна постапка, со следните заклучоци:

1.Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за европски прашања, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимовски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереници Агрон Меџити, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација и Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

## Точка 41

Владата го разгледа Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка и го утврди како закон кој се донесува по редовна постапка и со следните заклучоци:

1.Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за финансии, Министерството за европски прашања и Министерството за внатрешни работи.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник м-р Есма Адиловиќ - Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

## Точка 42

Владата го разгледа Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка и условно го утврди како Предлог на закон кој се донесува по редовна постапка, со следните заклучоци:
1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии, Министерството за европски прашања и Министерството за внатрешни работи.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за административни службеници, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник м-р Есма Адиловиќ - Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Точка 43**

Владата го разгледа Предлогот на закон за инспекциски надзор, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимовски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (12 Одлука), (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 45**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и втора одлука).

**Точка 46**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и трета одлука).

**Точка 47**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и четврта одлука).

**Точка 48**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и петта одлука).

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и шеста одлука), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и седма одлука), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 51**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и осма одлука).

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и деветта одлука), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реконструкција на постојната и изградба на брза железничка пруга долж Коридорот 10 и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за финансии да достави барање за покажување на интерес за финансирање на изградбата на брза пруга долж Коридорот 10, до меѓународните финансиски институции/комерцијални банки во износ од 95 % од вкупно проценетата вредност, односно во износ од 1,91 милијарда евра, во рок од пет работни дена.

2.Се задолжува Министерството за финансии, по добивањето на одговорите од меѓународните финансиски институции/комерцијалните банки, веднаш да ја информира Владата.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од прибавување на дополнителни докази од Град Скопје за потребите на арбитажната постапка Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v.Republic of North Macedonia (ISCID Case No.ARB/23/35) која се води пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ISCID), со дополнување, ја усвои и го задолжи Министерството за внатрешни работи да испрати барање за прибавување на дополнителна документација од Градот Скопје (е-маил комуникација), која ќе послужи како доказ во арбитражната постапка Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v.Republic of North Macedonia (ISCID Case No.ARB/23/35) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ISCID) согласно наредбата од трибуналот (PROCEDURAL ORDER NO.3 – DOCUMENT PRODUCTION) од 9 мај 2025 година и за истото да го информира заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт/претседавач на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање на уделот на содружникот Друштво за приредување игри на среќа Касинос Аустриа интернатионал Македонија ДОО Скопје од страна на содружникот Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија во Друштвото за приредување игри на среќа Државна видео лотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, ја усвои и го задолжи Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија да ги преземе сите активности пред органите на управување и надзор на Друштвото, за преземање на удел на

содружникот Друштво за приредување игри на среќа Касинос Аустриа Интернатионал Македонија ДОО Скопје од страна на содружникот Акционерско друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија во Друштвото за приредување игри на среќа Државна видео лотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје.

## Точка 56

Владата ги донесе:

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „Страшо Пинџур" бр.6а, влез 1, стан бр.1, кат 1, ИЛ бр.116968, КО Центар 1 во Скопје) и

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

## Точка 57

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (КП бр.12952, Имотен лист бр.125538, за КО Центар 1 и КП бр. 12952, Имотен лист бр.125531, за КО Центар 1).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.12952, Имотен лист бр.125538, за КО Центар 1 и КП бр. 12952, Имотен лист бр.125531, за КО Центар 1).

## Точка 58

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (КП бр.12952, Имотен лист бр.125539, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125532, КО Центар 1).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.12952, Имотен лист бр.125539, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125532, КО Центар 1).

## Точка 59

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (КП бр.12952, Имотен лист бр.125540, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125533 КО Центар 1).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (КП бр.12952, Имотен лист бр.125540, КО Центар 1 и КП бр.12952, Имотен лист бр.125533 КО Центар 1).

**Точка 60**

Владата ги донесе:
- Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и
- Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.Страшо Пинџур бр.6а, влез2, кат 1, стан бр.1, запишан на КП 12952 во ИЛ бр.125541 КО Центар 1 и Гаражно паркинг место во влез 1, бр.17, запишан на КП 12952 во ИЛ. Бр.125534 КО Центар 1).

**Точка 61**

Владата ги донесе:
- Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и
- Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (ул.Страшо Пинџур бр.6а, влез 2, кат 1, стан бр.2, запишан на КП 12952 во ИЛ бр.125542 КО Центар 1 и Гаражно паркинг место во влез 1, бр.18, запишан на КП 12952 во ИЛ. Бр.125535 КО Центар 1).

**Точка 62**

Владата ги донесе:

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „Страшо Пинџур“ бр.6а, влез 2, стан бр.3, кат 1, ИЛ бр.125543, КО Центар 1 во Скопје) и

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

**Точка 63**

Владата ги донесе:

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „Страшо Пинџур“ бр.6а/2-4, влез 1, ИЛ бр.125544, КО Центар 1 во Скопје) и

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

**Точка 64**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување на игри на среќа „Макс Бет“ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Скупи“ бр.1Г/1-д.п.1 Скопје-Карпош за уплатно-исплатното место во Подружница 39 Тифани Скопје на ул. „Васил Главинов“ бр.14/1 Скопје – Центар, поради потребата Министерството за финансии- Управа за финансиско разузнавање, да достави мислење по истата.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Берово од областа на кардиологијата.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договорот за стратешка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за стратешка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија.

2. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за стратешка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за транспорт).

**Точка 68**

Владата ја донесе Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2026 - 2028 (со изгледи до 2030 година).

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за образование и наука).

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, кои произлегуваат од Договорот за кредит од Халк банка АД Скопје, со Предлог - одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, кои произлегуваат од Договорот за кредит од Халк банка АД Скопје, со заклучок, текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за  потребата од рехабилитација во Поникова, на пациентите повредени од пожарот во дискотека "ПУЛС"- Кочани и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги стави на располагање своите сместувачки капацитети во одморалиштето во Пониква со седиште с.Јастребник бб Кочани, за период од 10 јуни до 20 август, за потребите на лицата повредени од пожарот во дискотеката "ПУЛС" – Кочани, со цел нивна рехабилитација.

2.Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани и Работната група формирана од Владата на Република Северна Македонија, во консултација со пациентите да го донесе оперативниот план за рехабилитација на лицата повредени од пожарот во дискотеката "ПУЛС" – Кочани, со цел нивна рехабилитација.

3.Финансиските средства за сместување и храна на лицата повредени од пожарот во дискотеката "ПУЛС" – Кочани, како и сместување и храна за медицинскиот кадар да бидат на товар на Министерството за внатрешни работи.

4.Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го информира Министерството за здравство дали одморалиштето во Пониква е подготвено за прием на лицата повредени од пожарот во дискотеката "ПУЛС" – Кочани како и да достави податоци за контакт лица од одмаралиштето поради организација и  обезбедување на услови за  рехабилитација.

5.Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата до септември 2025 година.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на Министерството за образование и наука, до Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), со цел обезбедување на грант за техничка помош за проектот изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за образование и наука, веднаш да подготви и достави ВБИФ апликација за обезбедување на грант за техничка помош за изработка на проектно техничка

документација за проектот изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта.

2.Се задолжува Министерството за финансии, веднаш по добивање на ВБИФ апликацијата за грант за техничка помош за изработка на проектно техничка документација за проектот изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта, да подготви „Писмо за поддршка до Европската комисија и Банката за развој при Совет на Европа–ЦЕБ" и истото да го проследи до Министерството за образование и наука и Министерството за европски прашања.

3.Се задолжува Министерството за европски прашања, веднаш по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии, да ја поднесе ВБИФ апликацијата за грант за техничка поддршка, најдоцна до 13 јуни 2025 година за проектот изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на „Европски младински олимписки фестивал 2025" Скопје и Куманово и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерство за спорт од средствата за игри на среќа да распредели средства во износ од 51.035.345,00 денари на Сојузот на спортски федерации за реализација на програмските активности за одржување на „Европски младински олимписки фестивал 2025" Скопје и Куманово.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија по доставено барање од страна на организаторот –Олимписки комитет на Северна Македонија, да обезбеди Национално знаме на Република Северна Македонија, знамиња на земјите учесници и заштитни огради за контрола на просторот и безбедност на сите учесници во период од 20 до 26 јули 2025 година.

3. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Република Северна Македонија и Министерството за спорт во рок од пет дена да номинираат по еден член во Организацискиот одбор на „Европски младински олимписки фестивал 2025" Скопје и Куманово.

4. Се укажува на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ во периодот од 20 до 26 јули 2025 година да овозможи бесплатно користење на спортскиот центар за одржување на дел од спортските натпревари и тренинзи.

5. Се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје во периодот од 20 до 26 јули 2025 година да овозможи бесплатно користење на Националната арена – „Тоше Проески" за одржување на дел од спортските натпревари и тренинзи.

6. Се укажува на ЈРП Македонската радио - телевизија да склучи договор за официјален медиумски партнер на „Европски младински олимписки фестивал 2025" Скопје и Куманово за период од 20 до 26 јули 2025 година.

7. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за здравство да се вклучат во логистичка и оперативна поддршка при одржувањето на „Европски младински олимписки фестивал 2025" Скопје и Куманово во период од 20 до 26 јули 2025 година.

**<u>Точка 74</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар балкан АД Скопје на локалитетот „Галабовец – Нови Присад", Општина Прилеп и не ја донесе Одлуката.

*

*            *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15.00 часот.